**20242774775**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 4 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, ВОСПОСТАВУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЈАВНИ СУБЈЕКТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на Регистарот на јавни субјекти (во понатамошниот текст: Регистар).

Член 2

Регистарот се води во електронска форма.

Член 3

Формата и содржината на Регистарот од членот 2 од овој правилник се дадени во Прилог, кој се составен дел на овој правилник.

Член 4

Регистарот се воспоставува на тој начин што секој правен субјект основан директно или индиректно од страна на државата или од општините се евидентира во Регистарот.

Секој нов правен субјект основан директно или индиректно од страна на државата или од општините се евидентира во Регистарот врз основа на барање за регистрација во Регистарот, кој се одржува од страна на Министерството за финансии.

Барањето од ставот 2 на овој член и Упатството за негово пополнување се објавуваат на веб-страната на Министерството за финансии.

При секоја промена на јавните субјекти запишани во Регистарот, во рок од осум дена од денот на настанатата промена се доставуваат податоци до Министерство за финансии со цел ажурирање на податоците во Регистарот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-13578/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

*Прилог*

**РЕГИСТАР НА ЈАВНИ СУБЈЕКТИ**

| Реден број | Назив | Матичен број | Даночен број | Група на јавни субјекти (буџетски корисници, јавни претпријатија, други јавни субјекти и Народната банка на Република Северна Македонија) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |